**20242284018**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 35 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.283/23 и 169/24), член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија” бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22, 65/23 и 218/24), член 79 став 2 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 98/19, 27/20 и 56/21), член 14 од Законот за виното (*) („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.74/24 и 208/24) и член 59 од Законот за зоотехника (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.87/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 ноември 2024 година, донесе

**ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2024 ГОДИНА**

I

Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/24 и 198/24) во делот I во воведната реченица износот „7.075.566.340,00“ се заменува со износот „7.035.566.340,00“.

Во табелата во мерката 6 износот „20.000.000,00“ се заменува со износот „1.000,00“.

Во мерката 11 износот „5.117.462.340,00“ се заменува со износот „5.097.461.340,00“.

Во „Вкупно“ износот „7.075.566.340,00“ се заменува со износот „7.035.566.340,00“.

II

Во делот VII во ставот 1 износот „20.000.000,00“ се заменува со износот „1.000,00“.

III

Во делот XII износот „5.117.462.340,00“ се заменува со износот „5.097.461.340,00“.

IV

Во делот XIV во ставот 2 по зборовите „31 август 2024 година“ се додаваат зборовите „ ,како и до 30 ноември 2024 година“.

V

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-10494/15
5 ноември 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.